РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено / E Pranuar | 12-05-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njesia organizative | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| | | | |

SAVA OSIGURUVANJE

САВА осигурување, а.д. Скопје
бр. 03-11139/2020
07.05.2020 год.

*До*

***Министерство за финансии***

***Предмет: Известување по Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица***

Почитувани,

Согласно член 6, став 2 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр. 31/2020), Ве известуваме дека САВА осигурување а.д. Скопје („Друштвото") на ден 06.05.2020 година донесе Одлука по Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица.

Во прилог на овој допис, за наведеното, Ви доставуваме:

- Одлука по Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица бр.03-11067/2020 од 06.05.2020 година.

Со почит,

*САВА осигурување а.д. Скопје*

*Извршен директор* — *Мелита Гугуловска*

*Генерален директор* — *Ило Ристовски*

САВА осигурување Акционерско друштво SAVA СКОПЈЕ

Потпис/Nënshkrim

1

SAVA OSIGURUVANJE

SAVA OSIGURUVANJE
САВА осигурување, а.д. Скопје
Бр. 03-11067/2020
06.05.2020 год

*САВА осигурување, а.д. Скопје*
*Генерален директор/Извршен директор*
*Скопје, 05.05.2020 година*

Врз основа на член 6 став 1 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020), како и член 66 од Статутот на САВА осигурување а.д. Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Генералниот директор и Извршниот директор, на ден 05.05.2020 година ја донесоа следната:

# ***О Д Л У К А***

***по Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица***

Член 1

Согласно член 6 став 1 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020), САВА осигурување а.д. Скопје во својство на доверител во приватна сопственост одлучи да не врши отпис на камати како и репрограмирање на главниот долг и трошоците на доброволна основа.

САВА осигурување а.д. Скопје не ја прифаќа примената на одредбите од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020) и останува да си ги побарува долговите од своите должници согласно своите интерни акти на начин како и пред донесување на овој закон.

Член 2

САВА осигурување а.д. Скопје ќе го извести Министерството за финансии за оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

*САВА осигурување, а.д. Скопје*

| *Извршни директори* | *Генерален директор* |
| --- | --- |
| *Мелита Гугуловска* | *Ило Ристовски* |

САВА осигурување Акционерско друштво SAVA Скопје